СЕКТОРСКА АНАЛИЗА

ЗА

МЛАДИНСКИ ПОЛИТИКИ

ВО

ПЕЛАГОНИСКИОТ РЕГИОН

Автор: Томислав Гајтаноски

Април, 2025 година

СОДРЖИНА

ЛИСТА НА КРАТЕНКИ 3
1. ВОВЕД 4
2. МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕ 5
3. МЛАДИТЕ НИЗ БРОЈКИ ВО ПЕЛАГОНИСКИОТ РЕГИОН 6
4. ПРЕГЛЕД НА ЗАКОНСКА РЕГУЛАТИВА 7
5. ПРЕГЛЕД НА СТРАТЕШКА РАМКА 15
6. РЕЗУЛТАТИ ОД ТЕРЕНСКО ИСТРАЖУВАЊЕ 19
7. ПРЕПОРАКИ 31
8. КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА 34

ЛИСТА НА КРАТЕНКИ

АМС – Агенција за млади и спорт
ЕЛС – Единица на локална самоуправа
ЕУ – Европска Унија
ЗМУМП – Закон за младинско учество и младински политики
ЛМС - Локален младински совет
РСМ – Република Северна Македонија
УНДП - Програмата за развој на Обединети нации
УНФПА - Фондот за население на Обединети нации

1. ВОВЕД

Младите луѓе во Пелагонискиот регион, како и низ целата држава, се соочуваат со голем број предизвици кои доведуваат кон незаинтересираност, апатија и демотивација во социо-политичкиот развој на сите нивоа. За да се адресираат овие предизвици потребно е да се утврдат постоечките капацитети за промена на сите нивоа и да се утврди таргетиран пристап на институционално ниво преку Секторска Анализа за младинските политики во Пелагонискиот регион.

Оваа секторска анализа е дел од проектот „Младински политики по мерка на младите“, кој го спроведува Здружението на граѓани за унапредување на развојните процеси Про Локал Битола во партнерство со 8 граѓански организации од Пелагонискиот регион, а со финансиска поддршка од Владата на Швајцарија преку Програмата Цивика Мобилитас. Главната цел на проектот е вклучување на граѓанските организации во развојот на политики и процесите на донесување одлуки преку соработка и дијалог со властите. Процесот на подготовка на секторската анализа е координиран од Младински Совет Прилеп како партнер во проектот.

Целта на секторската анализа е да се утврди степенот на моменталната примена на законската и стратешката рамка која директно се однесува на младинската политика на локално ниво. Исто така, анализата дава осврт и на перцепциите на младите, како и на постоечките капацитети на донесувачите на одлуки за младински развој. **Оваа секторска анализа** ќе послужи како информативна основа за **унапредување на мерките за млади во општините во Пелагонискиот регион**.

Интегрирањето на младинската перспектива во процесите на креирање политики и донесување одлуки е од исклучително значење за развојот на младите луѓе, посебно на локално ниво. Општините, како институции кои го имаат главниот збор кога се креираат локални политики треба да размислуваат и дискутираат низ призмата на потребите и трендовите на младите луѓе. Пред носењето на одлуки кои ги засегаат младите луѓе,

членовите на Советот на општината потребно е да обезбедат консултативен процес со младите за да може да ги разберат подобро нивните потреби. Институционален партнер за ваквите процеси се локалните младински совети, кои мора да бидат зајакнати за да ја одиграат оваа улога во процесите. Од друга страна, советите на општините имаат одговорност за следење и оценка на сите мерки за млади кои Општината ги спроведува или треба да ги спроведува. Тоа понатаму треба да се развива со интервенции за „поместување“ на состојбите и постигнување на краткорочни цели кои ќе ја вратат довербата на младите кон институциите и донесувачите на одлуки бидејќи ќе можат да забележат одредени промени.

Општините мора да играат голема улога кон креирање на пријателска и поттикнувачка средина во која младите ќе се чувствуваат слободно да дискутираат, да предлагаат и да го изразат своето мислење, да прашаат за актуелните мерки и напори на општината за младите без да имаат последици.

Законот за младинско учество и младински политики дава можности и насоки за широко и систематско вклучување на младите луѓе во серија на процеси, како и обезбедување на сервиси за квалитетно поминување на слободното време на младите.

2. МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕ

Со цел да се добијат сеопфатни резултати и видувања од различни чинители, истражувањето вклучи квантитативни и квалитативни методи. Процесот ги вклучи следниве методи за собирање податоци:

- Анализа на правна и стратешка рамка
- Анкета со млади на возраст од 15 – 29 години
- Дискусија на фокус група од претставници на општини од Пелагониискиот регион (службеници за млади)
- Интервју со Раководител на сектор финансии на Општина Прилеп

Со цел квантитативно прибирање на податоци, истражувањето вклучи анкетен прашалник наменет за **млади на возраст од 15 – 29 години** кој се спроведе на електронски начин со употреба на платформата SurveyMonkey. Обработените статистички податоци се надополнети со квалитативните наоди од спроведената **фокус група и интервју**.

Анализата дава преглед на примената на моделите и сервисите предвидени со Законот за младинско учество и младински политики, кој вклучува вкрстена анализа на перцепциите на младите со квалитативните податоци од дискусијата на фокус групата и спроведеното интервју.

Наодите и заклучоците од истражување беа презентирани пред Работната Група за младински политики, која ги потврди и ги поддржа предвидените препораки од оваа анализа.

3. МЛАДИТЕ НИЗ БРОЈКИ ВО ПЕЛАГОНИСКИОТ РЕГИОН

Според пописот од 2021 година[1], во Северна Македонија живеат вкупно 326.733 млади лица што претставува околу 18 % од вкупното население, во споредба со претходниот попис од 2002 година кога овој процент изнесувал 24 %. Ова пред сè е резултат на засилениот тренд на емиграцијата и продолжување на просечниот животниот век.

Во Пелагонискиот регион живеат вкупно **34.696** лица со возраст помеѓу 15 и 29 години, кои според ЗМУМП се квалификуваат како млади, што значи дека младите изнесуваат 16,5 % од вкупното население во регионот. **Во споредба со пописот од 2002 година има значително опаѓање на младата популација во регионот (вкупниот број е намален за 16491 лица)** како и соодносот на млади во вкупната популација (**од 21,5 % во 2002 година до 16,5 % во 2021 година**).

[1] Попис на населението, домаќинствата и становите во Република Северна Македонија, 2021, Завод за статистика на РСМ, достапен на: https://www.stat.gov.mk/publikacii/2022/POPIS_DZS_web_MK.pdf

Табела 1: Споредбен преглед на популација на млади

	ПОПИС 2002			ПОПИС 2021		
Градови	Вкупно популација	Млади (15 - 29 г.)	**% на млади**	Вкупно популација	Млади (15 - 29 г.)	**% на млади**
Битола	95385	**20665**	21.66%	85164	13320	15.64%
Демир Хисар	9497	**1661**	17.49%	7260	1106	15.23%
Долнени	13568	**3250**	23.95%	13126	2821	21.49%
Кривогаштани	6150	**1219**	19.82%	5167	923	17.86%
Крушево	9684	**2042**	21.09%	8385	1496	17.84%
Могила	6710	**1335**	19.90%	5283	909	17.21%
Новаци	3549	**621**	17.50%	2648	398	15.03%
Прилеп	76768	**16870**	21.98%	69025	11452	16.59%
Ресен	16825	**3524**	20.95%	14373	2271	15.80%
ВКУПНО	**238136**	**51187**	**21.49%**	**210431**	**34696**	**16.49%**

4. ПРЕГЛЕД НА ЗАКОНСКА РЕГУЛАТИВА

4.1 Закон за младинско учество и младински политики

Законот за младинско учество и младински политики (ЗМУМП[2]) е донесен на 14 јануари 2020 година од Собранието на РСМ и претставува прво законско решение кое им дава платформа на младите луѓе во државата на структуриран начин директно да учествуваат во носењето одлуки кои се однесуваат на нивниот живот и развој. Овој закон претставува основа за формирање на механизми со кои младите ќе можат директно да се вклучат во креирање локални политики и донесување одлуки од значење за нивното секојдневие. Единиците на локална самоуправа се централни протагонисти на младинското учество и сервисите за млади воведени од ЗМУМП. Имено, законот предвидува обврска на општините и градот Скопје за формирање на локални младински совети, локални собранија на млади и донесување и спроведување на локални стратегии за млади. Дополнително,

[2] Закон за младинско учество и младински политики („Службен весник на РСМ“, бр. 10/2020)

секоја општина има законска обврска да воспостави функционална канцеларија за млади, младински центар и да назначи службеник за млади од редот на своите вработени.

Локална стратегија за млади

Како што веќе беше погоре напоменато, ЗМУМП предвидува обврска на општините да развиваат и спроведуваат локални стратегии за млади. Според законот „локална стратегија за млади е стратешки документ со кој во согласност со Националната стратегија за млади, се утврдуваат среднорочни цели и приоритети за развој на младинските политики и унапредување на интересите на младите на локално ниво и се утврдуваат организациски, финансиски и административни мерки за нивно остварување“. Секоја локална стратегија треба да содржи и Акциски план за реализација со дефинирани активности, динамика, носители на активности и проекции на буџетски средства, како и услови и индикатори за евалуација за спроведувањето на локалната стратегија за млади. Локалната стратегија за млади ја донесува Советот на општините, општините во градот Скопје и градот Скопје за период од пет години. При креирањето на Локалната стратегија за млади, треба да се обезбеди транспарентност, партиципативност и соработка со младинскиот сектор, посебно преку заеднички пристап со вклучување на локалните младински совети.

Локални стратегии за млади во рамките на Пелагонискиот регион се подготвени и усвоени во Општините Битола[3], Кривогаштани[4], Новаци[5] и Ресен[6].

[3] Стратегија за млади – Битола, достапна на: https://www.bitola.gov.mk/wp-content/uploads/2024/11/%D0%9B%D0%BE%D0%BA%D0%B0%D0%BB%D0%BD%D0%B0-%D1%81%D1%82%D1%80%D0%B0%D1%82%D0%B5%D0%B3%D0%B8%D1%98%D0%B0-%D0%B7%D0%B0-%D0%BC%D0%BB%D0%B0%D0%B4%D0%B8-%D0%BD%D0%B0-%D0%9E%D0%BF%D1%88%D1%82%D0%B8%D0%BD%D0%B0-%D0%91%D0%B8%D1%82%D0%BE%D0%BB%D0%B0.pdf

[4] Стратегија за млади – Кривогаштани, достапна на: https://krivogastani.gov.mk/wp-content/uploads/2024/03/%D0%A1%D1%82%D1%80%D0%B0%D1%82%D0%B5%D0%B3%D0%B8%D1%98%D0%B0-%D0%B7%D0%B0-%D0%BC%D0%BB%D0%B0%D0%B4%D0%B8-%D0%9A%D1%80%D0%B8%D0%B2%D0%BE%D0%B3%D0%B0%D1%88%D1%82%D0%B0%D0%BD%D0%B8.pdf

[5] Стратегија за млади – Новаци, достапна на: https://opstinanovaci.gov.mk/wp-content/uploads/2023/07/Lokalna-strategija-za-mladi-Novaci.pdf

[6] Стратегија за млади – Ресен, достапна на: (Да се додаде број на одлука на Совет на Општина)

Локални младински совети

Локални младински совети (ЛМС) претставуваат тела на локалната самоуправа сочинети од млади претставници на различните форми на организирање во Општината, кои имаат советодавна и застапувачка улога за прашањата од младински интерес во локалната самоуправа. ЛМС се формираат како дел од општините, за што самата општина треба да направи промени во статутот врз основа на одлука за формирање ЛМС. Членовите на ЛМС имаат мандат од две години (и право на еден реизбор), се избираат од страна на локалното собрание на млади на начин утврден во член 18 од ЗМУМП, нивниот вкупен број е различен во секоја општина, но мора да е непарен, не може да е помалку од 5 лица и не може да надминува повеќе од 1/3 од бројот на членови на Советот на општината. Членовите на ЛМС имаат право да предлагаат точки на дневен ред на Советот на општините, општините во градот Скопје и градот Скопје кои ги засегаат младите, да иницираат прашања за млади од делокругот на работата на општините, да иницираат, учествуваат и даваат повратни информации за процесот на локална стратегија за млади и др. Општините треба да обезбедат поддршка на функционирањето на локалните младински совети како главна институционална форма за учество на локално ниво.

Канцеларија за млади

Канцеларијата за млади претставува примарна точка за пристап на младите до локалната самоуправа и место од каде се координира работата за млади на локално ниво. Канцеларии за млади треба да формираат општините, општините во градот Скопје и градот Скопје. Ова е физичка канцеларија која општината треба да ја обезбеди и која треба да задоволува доволно просторни и технички услови за да претставува примарна точка за пристап на младите кон самата општина.

Младински центар

Младинските центри се места каде се подготвуваат и спроведуваат програми кои ја подобруваат благосостојбата на младите, развојот на личниот, социјален и професионален живот на младите, како и други аспекти од животот на младите, а се основаат во соработка

помеѓу општините и формите на младинско организирање. Во овие центри за работа со млади, одговорни се младински работници. ЗМУМП предвидува обврска за секоја општина, во рок од 5 години од влегувањето во сила на законот, да обезбеди воспоставување и функционирање на најмалку еден младински центар на територијата на општината.

Службеник за млади

Службеник за млади е лице одговорно за работењето на Канцеларијата за млади, како и за координирање, спроведување и следење на прашања од интерес на младите во делокругот на надлежностите на институцијата. Органите на државната управа, општините, општините во градот Скопје и градот Скопје се должни да одредат службеник за млади. Функцијата на службеникот за млади е да биде одговорен за поддршка на работата на Локалниот младински совет, за Канцеларијата за млади, како и за координирање и следење на прашањата за младите во делокругот на работа на институцијата.

Финансирање на младински политики

Од буџетите на единиците на локална самоуправа, „за млади“ треба се издвојуваат средства во висина од **најмалку 0,1 %** на годишно ниво. Единиците на локална самоуправа имаат поголема слобода при одлучување кои активности, мерки или проекти ќе бидат финансирани на тој начин. Постои генерална согласност меѓу чинителите дека е можна различна интерпретација на овие одредби што доведува до различно разбирање за степенот на нивна имплементација.

* Да се провери табелата пред публикување во случај на промени

Табела 2: Преглед на моментална состојба со функционална примена

на ЗМУМП во Пелагонискиот регион

Општина	Локално собрание за млади	Локален младински совет	Локална стратегија за млади	Младински центар	Службеник за млади	Канцеларија за млади	Буџет за млади
Битола	√	√	√	√	√	X	√
Демир Хисар	√	√	X	X	√	X	√
Долнени	X	X	X	X	√	X	X
Кривогаштани	√	√	√	√	√	X	X
Крушево	X	X	X	X	√	X	X
Могила	X	X	X	X	√	X	X
Новаци	√	√	√	√	√	X	√
Прилеп	√	√	X	X	√	X	X
Ресен	√	X	?	X	√	X	X

4.2 Закон за локална самоуправа

Согласно член 22 од законот за локалната самоуправа[7], а поврзано со млади, општините се надлежни за вршење на активности во областа на:

- Културата
- Спортот и рекреацијата
- Социјалната заштита и заштита на децата
- Образование

4.3 Закон за буџетите

Со цел полесно разбирање на процесот на буџетирање во општините подолу е даден јасен преглед на дефиницијата но и класификацијата на буџети во рамките на работата на општините. Според законот за буџетите[8], „Буџет на општините е годишен план на приходи, други приливи и одобрени средства и ги вклучува основниот буџет, буџетот на дотации, буџетот на донации, буџетот на заеми и буџетот на самофинансирачки активности“, каде што „Основен буџет е годишен план на приходи, други приливи и

[7] Закон за локална самоуправа („Службен весник на РМ“, бр. 05/2002)

[8] Закон за буџетите, редакциски пречистен текст, достапен на https://finance.gov.mk/wp-content/uploads/2022/02/Закон-за-буџетите-Пречистен-текст.pdf

одобрени средства со буџетот за финансирање на основните надлежности на буџетските корисници“.

Според Законот за буџетите, буџетските класификации се користат за идентификување на специфичните намени на буџетските средства, за контрола на наменското користење на одобрените средства и за изготвување на потребните анализи, извештаи и на годишната сметка. Постојат следните буџетски класификации:

Организациска класификација ги класифицира буџетските корисници во хиерархиска организациска структура на поврзани и заемно координирани субјекти (матичен буџетски корисник, раздел и буџетски корисник) за да се утврдат надлежностите на субјектите за планирање и управување со јавните средства и вработените, заради постигнување на зацртаните цели.

Функционалната класификација ги класифицира расходите и другите одливи на буџетот според нивните функционални општи и конкретни цели за кои се наменети, согласно со прифатената меѓународна класификација пропишана од страна на Обединетите нации.

Програмската класификација опфаќа поделба на буџетот на политики, програми, потпрограми и проекти или активности дефинирани со планските документи, истовремено групирајќи ги заедно сите јавни услуги и активности со заедничка цел и исход низ организациската структура:

А – Совет на општина

Д – Градоначалник

Е – Општинска администрација

Ф – Урбано планирање

Г – Локален економски развој

Ј – Комунални дејности

К – Култура

Л – Спорт и рекреација

М – Програми за развој

Н – Образование

Р – Заштита на животна средина и природа

Т – Унапредување на здравствена заштита

В – Социјална заштита и заштита на деца

Њ – Противпожарна заштита

Љ – Заштита и спасување

Џ – Родово буџетирање

Класификацијата по извори на финансирање ги класифицира приходите и другите приливи во групи во однос на конкретните видови и намени на расходите и на другите одливи кои вклучуваат: основен буџет на општините, донации, кредити, самофинансирачки активности и дотации.

Економската класификација ги класифицира приходите и другите приливи согласно нивната природа, и расходите и другите одливи согласно нивната економска намена во класи, групи, подгрупи, раздели и основни конта.

ПРИХОДИ	**РАСХОДИ**
Даночни приходи	Плати и надоместоци
Неданочни приходи	Резерви и недефинирани расходи
Капитални приходи	Стоки и услуги
Трансфери и донации	Камати
Задолжување во земјата	Субвенции и трансфери
Задолжување во странство	Социјални бенефиции
	Капитални расходи
	Отплата на главнина

4.4 Закон за финансирање на Единиците на Локалната Самоуправа

Законот за финансирање на ЕЛС[9] го образложува целиот буџетски процес за планирање на јавните финансии. Според законот, процесот на креирање годишен буџет е следниот:

(1) Министерот за финансии, најдоцна до 30 септември во тековната година, изготвува буџетски циркулар за наредната година.

(2) Со буџетскиот циркулар општините се известуваат за основните макроекономски индикатори, главните насоки за изготвување на општинскиот буџет, максимални износи на сопствени приходи на основниот буџет, дотациите за општината што ќе се трансферираат од Буџетот на Република Северна Македонија, од буџетите на фондовите, како и од приходите од други извори.

(3) Во буџетскиот циркулар се утврдува формата и содржината на буџетот на општината.

(4) Роковите за планирање на општинскиот буџет се регулираат со буџетски календар донесен од советот на општината.

(5) Со буџетскиот календар се утврдуваат роковите во кои градоначалникот до општинските буџетски корисници ги доставува главните насоки за изготвување на финансиските планови; општинските буџетски корисници ги доставуваат своите финансиски планови до градоначалникот и градоначалникот го доставува предлогот на буџетот до советот на општината.

Според член 28, Советот на општината го донесува буџетот за наредната година најдоцна до 31 декември во тековната година, по сметки, по потпрограми и по ставки. Доколку Советот на општината не го донесе буџетот на општината до 31 декември во тековната година, е должен да донесе одлука за времено финансирање и финансиски план за нејзино спроведување за периодот од 1 јануари до 31 март за тековната година.

---

[9] Закон за финансирање на единиците на локална самоуправа, редакциски пречистен текст, достапен на https://finance.gov.mk/wp-content/uploads/2023/02/%D0%97%D0%B0%D0%BA%D0%BE%D0%BD-%D0%B7%D0%B0-%D1%84%D0%B8%D0%BD%D0%B0%D0%BD%D1%81%D0%B8%D1%80%D0%B0%D1%9A%D0%B5-%D0%BD%D0%B0-%D0%95%D0%9B%D0%A1-%D1%80%D0%B5%D0%B4%D0%B0%D0%BA%D1%86%D0%B8%D1%81%D0%BA%D0%B8-%D0%BF%D1%80%D0%B5%D1%87%D0%B8%D1%81%D1%82%D0%B5%D0%BD-%D0%B7%D0%B0%D0%BA%D0%BB%D1%83%D1%87%D0%BD%D0%BE-%D1%81%D0%BE-173_22.pdf

5. ПРЕГЛЕД НА СТРАТЕШКА РАМКА

Националната стратегија за млади 2023 – 2027[10] година се стреми да ја унапреди положбата на младите во општеството поставувајќи основни принципи на делување и цели и мерки кои нудат реформска рамка пред сè за институциите, но и останатите чинители при овозможување на младите да ги остварат своите права, потреби и интереси. Концептот на Националната стратегија е во согласност со стандардите на ЕУ, односно со принципите и приоритетите на Стратегијата за млади на ЕУ.

Националната стратегија за млади вклучува осум стратешки области кои е замислено да се остварат преку повеќе стратешки цели, или поконкретно:

1. Младинско учество;
2. Младинско информирање;
3. Младинска работа;
4. Образование;
5. Култура;
6. Здравје;
7. Претприемништво и поддршка пред вработување;
8. Безбедност.

Националниот акциски план 2023 – 2025 година, дефинира активности кои треба да се спроведат, одговорни институции, период на имплементација, соодветен буџет и индикатори на следење. Значителен дел од мерките имаат локален карактер и тесна поврзаност со мерките и плановите на општините како и другите локални актери. Меѓу другото, општините имаат надлежност за следните мерки од стратегијата за млади:

[10]Национална стратегија за млади 2023 – 2027, достапна на https://api.ams.gov.mk/wp-content/uploads/2023/10/nsm23-27-sluzhben-vesnik.pdf

Приоритет: Младинско учество

Посебна цел 1: Зајакнато влијание на младите во сите процеси на донесување одлуки на локално и национално ниво врз основа на соодветна правна рамка

Мерка 5: Зајакнување на капацитетите на институциите на локално и национално ниво за примена на модели за младинско учество, со фокус на службениците за млади, како и воспоставување на редовна меѓуинституционална координација и ефективна комуникација со млади.

Мерка 6: Подигнување на свеста на членовите на Советите на единиците на локалната самоуправа како и пратениците во Собранието на РСМ за потребата од суштинска примена на младинското учество во процесите на одлучување и креирање политики, вклучувајќи ги и политиките за намалување на негативните ефекти од кризни состојби.

Мерка 7: Јакнење на капацитетите на општините и Градот Скопје за развој и имплементација на локални стратегии за млади како и за поддршка на локални младински совети.

Мерка 8: Континуирано јакнење на капацитетите на локалните младински совети и обезбедување поддршка за нивно застапување, воведување на иновативни практики и меѓусебно вмрежување.

Мерка 9: Унапредување на правната рамка за волонтирање и обезбедување на валидација на волонтерството.

Мерка 11: Поголема вклученост на младите во процесите на урбано планирање и дизајнирање на јавните простори како и обезбедување на можности за нивно користење.

Посебна цел 2: Зголемено учество на младите во процесите на донесување одлуки во рамки на образовните установи во насока на развивање и примена на модерни и напредни образовни политики по мерка на младите

Мерка 2: Обезбедување на соодветна финансиска поддршка од училиштата и високо образовните установи за непречено функционирање на претставничките ученички и

студентски тела, нивните активности, како и другите форми на делување на младите во рамки на образовните институции.

Посебна цел 3: Подобрена вклученост и влијание на младите луѓе врз развивањето и спроведувањето на политики за заштита на животната средина

Мерка 1: Воспоставување системски механизми за учество на младите во процесите на донесување одлуки поврзани со зелени политики на локално и национално ниво

Мерка 2: Континуирана примена на програми и механизми за иницирање и спроведување зелени акции на локално и национално ниво од страна на индивидуални млади, формални и неформални младински групи и здруженија

Мерка 6: Подобрување на вклученоста на младите од руралните средини во зелени иницијативи со поддршка на граѓанскиот сектор.

Посебна цел 5: Зајакнати и одржливи капацитети на младинскиот сектор како партнер на институциите при креирањето политики кон подобар квалитет на живот на младите

Мерка 2: Воспоставување одржлив систем на буџетско (годишно) финансирање на активности поврзани со млади согласно Законот за младинско учество и младински политики, обезбедувајќи подеднаква регионална покриеност и зголемен фокус на младите во руралните области.

Приоритет: Претприемништво и поддршка пред вработување

Посебна цел 3: Намалено економското иселување на младите лица и зголемување на дојдовната миграција преку зајакнати регионални економски политики и владеење на правото

Мерка 1: Развој на квалитативни и квантитативни индикатори за мерлив регионален пристап заснован на податоци како основа за поттикнување на младинско претприемништво.

Национална стратегија за вработување – во последните години државата својот фокус го стави на вработувањето на младите како еден од најактуелните проблеми кога станува збор за младите во земјата и беа развиени повеќе политики специфично наменети за вработувањето на младите, како што е **Национална стратегија за вработување 2021-2027 година[11],** според која, следејќи ја досегашната пракса редовно се креираат Оперативни планови за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот, со што посебен акцент се става на младите невработени лица до 29 години.

Стратегијата за промовирање и развој на волонтерството 2021 – 2025 година[12] го дефинира волонтерството „како доброволно давање на лични услуги знаења и вештини или вршење на други активности во корист на други лица, органи или организации и институции, без надомест, а волонтер е домашно или странско физичко лице кое волонтира“. Стратегијата вклучува таргетирани мерки за поттикнување на волонтерство кај младите, како што е промоција и практикување на волонтерството во универзитетите, едукација за волонтерство вклучувајќи ги студентските парламенти и студентските организации, како и валидација на студентското волонтирање. Исто така стратегијата, предвидува поддршка на волонтерски проекти и програми на младинските организации и организациите за млади, како и младински акции, корпоративно волонтирање, меѓу-генерациска солидарност, менторирање.

[11] Национална стратегија за вработување 2021 – 2027, достапна на https://www.mtsp.gov.mk/content/pdf/2021/trud/NSV%202021-2027%20i%20NPV2021-2023.pdf
[12] Стратегијата за промовирање и развој на волонтерството 2021 – 2025 година, достапна на https://www.mtsp.gov.mk/content/pdf/2021/trud/Volonterstvo_2021_2025.pdf

6. РЕЗУЛТАТИ ОД ТЕРЕНСКО ИСТРАЖУВАЊЕ

Истражувањето предвиде спроведување на анкета со млади лица од пелагонискиот регион (18 февруари - 14 април 2025), фокус група со претставници на општини од Пелагонискиот регион (28 февруари 2025 година), како и интервју со Раководителот на сектор финансии од Општина Прилеп (15 април 2025 година). Анализата дава вкрстен преглед на примената на, пред се, Законот за младинско учество и младински политики, кој се базира на наодите од сите применети методи на прибирање податоци.

Предмет на анкетниот прашалник беа 3 области, кои беа утврдени во консултативен процес со засегнатите страни пред подготовката на инструментите за ова истражување, и тоа:

- Социо - економска перспектива
- Влијание на младите во општествениот живот
- Младинска политика на локално ниво

Анкетата имаше консултативен карактер вклучувајќи вкупно 151 млади луѓе**, од кои** 66 **машки (**43**,**7 **%) и** 84 **женски (**55**,**6 **%) - е**ден испитаник не се изјаснил. Мнозинството испитаници беа од Македонска етничка припадност (89,4 %) а останатите 10,6 % се од Српска, Турска, Бошњачка и Влашка етничка припадност. Во однос на возраста, поголемиот дел од испитаниците беа млади на возраст од **15** – 1**9** години или вкупно 98 (64,9 %), 41 млади на возраст од 20 – 24 години (27,15 %), и 12 млади на возраст од 25 – 29 години (7,95 %). Иако испитаници беа опфатени од сите 9 општини во Пелагонискиот регион, најголем дел од испитаниците беа од Општина Прилеп и Општина Битола.

Табела 3: Возраст на испитаниците

Возраст		
	%	**Број**
15 - 19 години	64.90%	98
20 - 24 години	27.15%	41
25 - 29 години	7.95%	12
Вкупно	**100%**	**151**

СОЦИО - ЕКОНОМСКА ПЕРСПЕКТИВА

Мнозинството од младите луѓе во Пелагонискиот регион генерално не се задоволни од квалитетот на мерките и политиките за младите луѓе во својата општина, во однос на образованието, вработувањето, домувањето и културата. Ова го изјавија 57,62% од младите луѓе на возраст од 15 до 29 години, кои потврдиле дека *воопшто не се задоволни* (19,87%) или *малку се задоволни* (37,75%). Додека пак, целосно задоволни се незначителни 1,99%, што укажува дека има потреба од подобрување на локалните политики кон задоволување на потребите на младите во овие области.

Иселување на младите останува сериозен проблем за пелагонискиот регион имајќи предвид дека младите луѓе сериозно размислуваат за напуштање на своето место на живеење. Речиси една третина од младите (28,48 %) *многу често (речиси секој ден)* размислуваат да мигрираат во друга општина или пак надвор од државата, а додека пак 53,64 % размислуваат *понекогаш* за напуштање на своето место на живеење. Само 17,88 % се задоволни од својот живот во моменталното место на живеење. Овој наод го потврдуваат и учесниците на фокус групата, односно службениците на млади од помалите општини кои изјавуваат дека младите често одлучуваат да се преселат во поголемите општини поради поголемата достапност на можности.

Табела 4: Дали сте размислувале за напуштање на вашето место на живеење за подобар живот (миграција во друга општина / држава)?

	%	Број
Многу често, речиси секој ден	28.48%	43
Понекогаш	53.64%	81
Воопшто не размислувам, задоволен сум од моето место на живеење	17.88%	27
Вкупно	**100%**	**151**

Мнозинството млади, односно 41,72%, **го оценуваат економскиот развој на својата општина како *просечен***. Од друга страна, повеќе од една третина не се воопшто задоволни од локалниот економски развој, односно сметаат дека е *лош* (27,15%) или *многу лош* (7,28%).

Во однос на бизнис климата и претприемачкиот дух на младите, мнозинството млади (62,91%) не започнале свој бизнис но се заинтересирани да започнат. Меѓутоа, повеќе од една четвртина млади (27,81%) не воделе бизнис ниту се заинтересирани да започнат. Овој наод произлегува можеби поради тоа што мнозинството на испитаници се од возрасната група 15 – 19 години, односно лица кои се сè уште во образовен процес.

Од друга страна, кога ги запрашавме младите кои се најголемите предизвици за започнување бизнис во посакуваната област, мнозинството млади сметаат дека недостатокот на финансии е најголемиот предизвик (44,37%), по што следат ограничените пазарни можности (23,84%) и недостатокот на менторство односно комплетна менторска поддршка (21,19%). Интересно е што младите генерално не сметаат дека бирократијата претставува предизвик во започнување на бизнис. Според дискусијата на фокус групата, *општините не се секогаш спремни да поддржат мерки кои се однесуваат на поддршка на младинско претприемништво*.

Младите не гледаат со целосна сигурност перспектива во своето место на живеење. На прашањето *„Во која мера сметате дека во вашата општина има перспектива за развој на младите во наредниот период?“*, повеќе од половина од испитаниците (51,66 %) одговориле со „*делумно*“. 30,46 % од младите сметаат дека *перспективата е многу мала*, додека пак 12,58 % *воопшто не сметаат дека има перспектива за младите* во својата општина. Само 5,30 % се убедени дека својата општина има потенцијал за развој и перспектива. Интересно е тоа што *повеќе од две третини од младите би останале да живеат и работат во својата општина доколку се подобрат можностите за младите*. Тоа укажува дека доколку локалните актери го подобрат квалитетот на живот, младите не би го напуштиле своето место на живеење.

Табела 5: Во која мера сметате дека во вашата општина има перспектива за развој на младите во наредниот период?

	%
Воопшто не	12.58%
Многу малку	30.46%
Делумно	51.66%
Да, во голема мера	5.30%
Вкупно	100%

Според фокус групата постоечките можности за вработување на младите не ги исполнуваат нивните очекувања во однос на достоинствена плата и услови на работа. Интересно е што во регионот, посебно во Прилеп и Битола, има голема експанзија на отварање на компании за информатичка технологија кои нудат поповолни услови за младите. Помалите места се ограничени со работни места – младите патуваат и се вработуваат во поголемите градови.

Од друга страна пак, повеќето млади ги немаат потребните вештини потребни за пазарот на труд, посебно ранливите категории на млади при што потребна е поддршка преку доквалификација и развивање дополнителни меки и стручни вештини. Службениците за млади сметаат дека младинските центри се места каде младите може да развиваат меки вештини потребни за пазарот на труд (ЦВ и мотивационо писмо). Според нив, **кариерниот развој е важно да започне уште во основното образование**.

ВЛИЈАНИЕ НА МЛАДИТЕ ВО ОПШТЕСТВЕНИОТ ЖИВОТ

Младите не сметаат дека нивното мислење е земено предвид при одлучувањето и креирање политики во локалната самоуправа. Ова се потврдува со податокот дека една третина од младите (33,11 %) сметаат дека младите лица *воопшто не влијаат* во локалните процеси а додека 53,64 % сметаат дека младите само *делумно влијаат*.

Табела 6: Во која мера сметате дека младите влијаат во донесување на одлуки и креирање политики во локалната самоуправа:

	%	Број
Воопшто не влијаат	33.11%	50
Делумно влијаат	53.64%	81
Многу влијаат	10.60%	16
Целосно влијаат	2.65%	4
Вкупно	**100%**	**151**

Од друга страна, најголемиот дел од младите (47,68 %) сметаат дека *образовните институции, како што се средните училишта или факултетите, го поттикнуваат критичкото мислење кај младите*. Интересно е што речиси една третина (29,14 %) *не знаат односно не се сигурни* дали образовните институции охрабруваат критичко мислење кај младите. Мнозинството млади испитаници (56,29 %) не сметаат дека образовниот процес ги подготвува соодветно младите за успешно вклучување на пазарот на труд.

Табела 7: Според вас, дали образовниот процес ги подготвува младите за успешно вклучување на пазарот на труд?

	%	Број
Да	21.19%	32
Не	56.29%	85
Не знам	22.52%	34
Вкупно	100%	151

Позитивно е тоа што младите сметаат дека граѓанските организации кои работат во својата општина имаат капацитет за промени. Тоа го сметаат речиси половината од младите испитаници (45,70 %). Исто така, најголемиот дел испитаници, или високи 80,79 % *би волонтирале во својата локална заедница доколку постои таква можност*. Тоа значи дека постои ентузијазам кај младите за вклучување во разни акции.

Младите во регионот се генерално самоиницијативни – 57 % изјавиле дека индивидуално или во група преземале некаква активност или иницијатива во својата заедница. Од друга страна, 43 % воопшто не преземале никаква иницијатива. Најголемите причини за оваа неактивност младите сметаат дека е тоа што *немаат доволно време* (28,57 %), *не се*


доволно информирани како и каде да се вклучат (23,81 %) или пак *не знаат како да бидат општествено активни* (15,24 %). Загрижува тоа што значителен дел (16,19 %) не сакаат да се активираат во никаква форма. Со овој наод се согласуваат и учесниците од фокус групата, според кои младите имаат различна мотивација за да се активираат и тоа зависи од ситуацијата. Според нив, младите обично не се активираат на повиците од општината, а тоа е можеби поради недоверба во системот. Интересно е тоа што според службениците за млади, штом младите се најдат во позиција на вклученост во одлучување, не се ангажираат целосно, односно не знаат како да постапуваат. Според нив, младите во локалните средини (посебно во помалите општини), се активни некаде до 18-19 години, т.е. додека не завршат средно образование. Потоа младите или продолжуваат со студии, имаат други приоритети и не се активни ниту заинтересирани. Оние кои се враќаат од студии (во помалите места) немаат интерес и ентузијазам да се вклучат во локалните процеси.

Дополнително, **младите не се чувствуваат доволно слободно да се изразат ниту во дигиталниот простор**. Само 24,5 % од младите се чувствуваат целосно слободно да изразат свој став онлајн или преку социјалните медиуми. Две третини од испитаниците *воопшто не изразиле став на социјалните медиуми во последните 12 месеци*.

МЛАДИНСКА ПОЛИТИКА НА ЛОКАЛНО НИВО

Во овој дел, фокусот на истражувањето беше да се процени ставот и мислењето на младите околу примената на Законот за младинско учество и младински политики. *Повеќе од една третина од испитаниците, или 34,44 % не се воопшто запознаени со Законот за младинско учество и младински политики*. Мнозинството млади се делумно запознати со содржината на законот (47 %), а само 18,54 % добро го познаваат законот. Оваа ситуација ја потврдуваат и членовите на фокус групата, според кои досега не се применети креативни начини за промоција на законските модели, на јазик кој е поблизок и разбирлив за младите.

Графикон 1: Дали сте запознаени со Законот за младинско учество и младински политики?



Во однос на моделите кои ги предвидува законот, **младите единствено препознаваат постоење на младински центар, локален младински совет или младински организации**. Најголемиот дел од испитаниците, не се информирани за останатите модели и сервиси кои ги предвидува законот, т.е. не знаат дали во нивната општина се воспоставени канцеларија за млади, службеник за млади, локално собрание за млади и локална стратегија за млади, како и буџет за млади. Ова само го потврдува податокот наведен погоре дека младите не се информирани за ЗМУМП и неговите одредби.

Табела 8: Во мојата општина постои

	Да	**Не**	**Не знам**
Младински центар	**52.98%**	17.22%	29.80%
Канцеларија за млади	27.15%	20.53%	**52.32%**
Службеник за млади	23.18%	13.25%	**63.58%**
Локално собрание за млади	21.85%	19.87%	**58.28%**
Локален младински совет	41.06%	17.22%	**41.72%**
Локална стратегија за млади	17.88%	17.22%	**64.90%**
Буџет за млади	14.57%	23.84%	**61.59%**
Младински граѓански организации	**49.01%**	8.61%	42.38%

Според фокус групата еден од предизвиците при воспоставување на младински центар освен недостатокот на финансиски средства, се и административните бариери за

утврдување на објект кој ги поседува соодветните критериуми за младински центар. Ова е поради сопственоста на објектите при што голем дел се во државно сопственишство, каде што општините немаат надлежности. Понатаму, во однос на позицијата службеник за млади, фокус групата смета дека потребно е да се професионализира позицијата и да се вгради во постоечката систематизација на работни места, за да може да се очекува комплетна посветеност и резултати.

Во однос на ефективноста на моделите за младинско учество кои ги предвидува законот на локално ниво, *мнозинството млади целосно (39,07 %) или делумно (40,4 %) сметаат дека локалните младински совети имаат капацитети ефективно да ги застапуваат интересите и потребите на младите во својата општина*. Според наодите од фокус групата, сè уште не се гледа ефектот од работата на локалните младински совети иако некаде веќе два мандати се изминати. Според нив, младите не ја разбираат целосно нивната улога како членови на ЛМС што придонесува кон нивната нефункционалност. Од друга страна пак, младите сметаат дека општината не ја дава потребната поддршка за функционирање на младинските совети - *само 12 % од испитаниците веруваат дека општините даваат соодветна поддршка во функционирањето на советите*.

Табела 9: Дали сметате дека општината обезбедува соодветна поддршка за функционирање на локалниот младински совет во вашата општина?

	%	Број
Да	11.92%	18
Делумно	33.77%	51
Не	32.45%	49
Не знам	21.85%	33
Вкупно	100%	151

Онаму каде што постои некаква иницијативност, локалните младински совети најмногу се ангажирале преку предлагање мерки во областа на образованието (26,49 %) и конкретни мерки за културни активности за млади (25,83 %). Од друга страна пак, според наодите од фокус групата, многу малку млади се заинтересирани да се пријават како членови во локалното собрание за млади. Истите додаваат дека во деловите кои се однесуваат на

формирање на ЛМС, законот делува конфузно побарувајќи поголеми бирократски процедури кои им се предизвик на младите, што понатаму резултира со апатичност и незаинтересираност за аплицирање и вклучување. Како успешен пример на ефикасен ЛМС се споменува ЛМС во Општина Крушево, каде под нивно водство се креираше стратегија за млади како и систем за мониторинг на нејзино спроведување во изминатиот период. Меѓутоа, овој успех се смета дека беше резултат на ентузијазмот на членовите на тогашниот ЛМС што укажува дека функционалноста на ЛМС зависи од посветеноста на неговите членови.

Истражувањето понатаму се фокусираше и на перцепцијата на младите за односот на општината кон младинскиот развој и младинските актери во општината. *44% од младите сметаат дека општината воопшто не ги разбира и не ги знае потребите на младите*. Исто така, според 49 %, *младите воопшто или делумно не се согласуваат дека возрасните во општината имаат доверба во младите за да ги вклучат во носењето на одлуки*. Од друга страна пак, *младите сметаат дека нивната општина во некоја мера нуди можности за волонтирање односно активирање (55 %)*. Мнозинството млади (31,13%) *не знаат дали општината активно соработува со младински организации или организации за млади*. Само 14,57 % од младите целосно или делумно се согласуваат дека општината соработува со младинскиот сектор. Службениците за млади имаат доверба во локалните младински организации и очекуваат поддршка од нив, посебно при процесот на избор и функционирање на ЛМС.

Табела 10: перцепцијата на младите за односот на општината

кон младинскиот развој и младинските актери

До кој степен се согласувате или не се согласувате со следните изјави:	Воопшто не се согласувам	Делумно не се согласувам	Делумно се согласувам	Потполно се согласувам	Не знам
Општината ги знае и ги разбира грижите на младите луѓе.	26.49%	17.22%	41.72%	3.31%	11.26%
Возрасните во општината имаат доверба во младите за да ги вклучат во носењето на одлуки.	25.83%	23.18%	25.83%	9.93%	15.23%
Општината нуди можности за волонтирање во мојот град.	12.58%	13.91%	33.77%	21.85%	17.88%
Општината активно соработува со младински организации / организации за млади	11.26%	13.25%	29.80%	14.57%	31.13%
Општината одвојува доволно финансиски средства за поддршка на младите	18.54%	25.83%	19.87%	8.61%	27.15%
Мојата општина редовно споделува информации за можностите за младите	22.52%	19.21%	26.49%	9.27%	22.52%
Општината ги пренесува информациите на правилен начин прифатлив за младите	19.87%	21.85%	23.84%	7.95%	26.49%

Младите не сметаат дека Општината одвојува доволно финансиски средства за поддршка на младите – тоа го потврдуваат 44 % од испитаниците, но исто така 27 % од младите не знаат дали општината обезбедува средства. Ова го потврдуваат и дел од службениците за млади според кои не постои генерално слух за посериозно инвестирање во проекти и програми за млади. Обично проектите на општините се од инфраструктурен карактер и вклучуваат градба, доградба, реконструкција на објекти, а интересно е што општините сметаат дека изградбата на спортски објекти е одделување на средства за младите. Од друга страна пак, обично барањата од граѓаните кон градоначалниците се однесуваат на инфраструктурни активности, што креира слика дека тоа е главната потреба на сите граѓани.

Еден од најконфузните делови од ЗМУМП според фокус групата е законската одредба за буџет за млади од страна на општините (0,1 %). Она што се потврдува е дека на општините не им е јасно дали овој % се однесува на основниот буџет на општините или вкупниот буџет (кој ги вклучува блок дотациите од државната управа). Општините најчесто предвидуваат некакви активности кои индиректно се однесуваат на младите во Стратегиите и програмите за локален економски развој. Во согласност со програмската

класификација на буџетите, во општините во Пелагонискиот регион се подготвуваат годишни Програми за спорт и млади предвидувајќи финансиски средства, кои влегуваат во Програма Л – Спорт и рекреација, со тоа што фокусот е ставен на спортски активности. Позитивен пример во оваа смисла е Општина Битола која секоја година предвидува буџет за млади преку Програмата за спорт и млади (средства за Младински Центар, ЛМС, студентска пракса), која што определува посебни шифри за овие модели / сервиси. Исто така, Општина Новаци во Програмата за локален економски развој за 2025 година, за поддршка на младите и функционирање на младинскиот центар во Новаци одвоила 450.000,00 МКД[13]. Според интервјуто со Раководителот на сектор финансии при Општина Прилеп, *не постои законска пречка за вградување на пот-програма МЛАДИ во програмата Спорт во Општинскиот буџет. По предложена програма за млади, Советот на општината одлучува за нејзино усвојување и доделување на пот-програма (т.е. посебна шифра), која ќе овозможи следење на финансиската поддршка за млади согласно ЗМУМП.*

Во однос на **комуникацијата на општината со младите**, испитаниците се поделени. Најголем дел или 26,5 %, *делумно* се согласуваат дека општината редовно споделува информации за можностите за младите. Дополнително, младите генерално не сметаат дека општината пренесува информации на „јазик“ кој е разбирлив или прифатлив за младите. Тоа го изјавуваат 41% од младите, додека 26,49% од младите *не знаат* дали општината соодветно комуницира со младите. Интересно е што службениците за млади како дел од фокус групата се самокритични и сметаат дека општините не користат креативни начини за привлекување на младите луѓе во локалните процеси. Исто така, потврдуваат дека општините имаат потреба од човечки ресурси за да се постигнат бараните резултатит со ЗМУМП поради што често се потпираат на капацитетите на граѓанските

[13] Јавен повик за избор на младинска организација која ќе раководи со Младинскиот центар во Новаци, објавен на 07 мај 2025 година, достапно на https://opstinanovaci.gov.mk/notices/%D1%98%D0%B0%D0%B2%D0%B5%D0%BD-%D0%BF%D0%BE%D0%B2%D0%B8%D0%BA-%D0%B7%D0%B0-%D0%B8%D0%B7%D0%B1%D0%BE%D1%80-%D0%BD%D0%B0-%D0%BC%D0%BB%D0%B0%D0%B4%D0%B8%D0%BD%D1%81%D0%BA%D0%B0-%D0%BE%D1%80%D0%B3%D0%B0/

организации. Од друга страна пак, според нив, младите често имаат идеи кои се потешко спроведливи во пракса и побаруваат време, поради законски, административни како и финансиски бариери, наспроти очекувањата на младите кои побаруваат побрзи решенија.

Според младите, 3-те најприоритетни области на кои треба да работи општината со цел подобрување на животот на младите се: *подобро образование* (49,01 %), *младинско учество во носење на јавните политики* (47,02%) и *здравјето на младите* (31,13%). Со овие предлози се согласуваат и учесниците на фокус групата според кои главен фокус треба да биде образованието, како и вклучувањето на младите во воннаставните активности како места каде што младите треба да го развиваат критичкиот и активистичкиот дух. Исто така, според нив младите побаруваат културно-забавни активности кои не вклучуваат бирократија.

Табела 11: Според вас, кои се најзначајни 3 приоритетни области на кои треба да работи вашата општина со цел подобрување на животот на младите?

	%	Број
Младинско учество во носење на јавните политики	**47.02%**	**71**
Транспарентност и лесно достапни информации за младите	28.48%	43
Младинска работа	31.13%	47
Здравјето на младите	**41.06%**	**62**
Младинско претприемништво и младинско вработување	35.76%	54
Безбедност на младите	33.11%	50
Подобро образование	**49.01%**	**74**
Културни активности за млади	34.44%	52
Вкупно	**100%**	**151**

7. ПРЕПОРАКИ

Во согласност со прегледот на постоечката примена на Законот за младинско учество и младински политики како и од перцепциите на младите околу перспективата за развој, потребно е систематски да се адресираат идентификуваните предизвици. Во нивното адресирање, исклучително е важно младите и младинскиот сектор во регионот, да бидат значаен партнер на општините и преку заеднички пристап да се дефинираат мерки и решенија имајќи ги предвид реалните постоечки капацитети. Во оваа смисла, се препорачува да се користат искуствата и експертизата на граѓанските организации кои ќе помогнат во планирањето на активности по мерка на младите, кои ќе станат интегрален дел од годишните и развојните програми на општините со цел да се вгради култура на младинско програмирање на редовна основа. Според тоа, во прилог се конкретни препораки за подобрување на состојбата во сите 9 општини во Пелагонискиот регион:

Препорака 1:

Секоја општина да обезбеди финансирање за млади, преку подготовка на посебна Програма за млади / или Програма за млади и спорт, кон примена на Законот за младинско учество и локалните потреби на младите. Програмата треба да биде подготвена преку широк консултативен процес во соработка со младите, ЛМС и граѓанскиот сектор. Понатаму, усвоената програма да се вгради во годишниот буџет на општината како посебна пот-програма во Програмата Л – Спорт и рекреација согласно Програмската класификација во општинските буџети, со посебна шифра која ќе се практикува и во идниот период. Програмата за млади и спорт се препорачува да се подготви на транспарентен начин и да се достави до Општината најдоцна до 30 септември.

Препорака 2:

Организирање на информативни сесии за презентирање на локалните сервиси за млади, односно моделите на локално собрание за млади, локален младински совет и младински центар насочени кон средните училишта, студентските организации, НВОите, политичките подмладоци и други организирани групи на млади во сите општини. Информативните

сесии да се одржат на креативен јазик разбирлив за младите, вклучувајќи мултимедијален пристап, сведоштва од членови на ЛМС од позитивни примери на застапување, со поддршка на граѓанските организации и службениците за млади.

Препорака 3

Да се спроведе обука / информативна сесија за општинската администрација и членовите на Советот на општината за одредбите на ЗМУМП. Фокус на овие сесии да се даде на деловите од законот кои го уредуваат процесот на формирање и работа на ЛМС и воспоставувањето и функцијата на Младинскиот Центар како фундаментални алатки за младински развој, а по примерите на западните земји.

Препорака 4

Секоја општина да подготви стратегија за млади и акциски план согласно ЗМУМП, со поддршка на граѓанскиот сектор. Стратегијата и акцискиот план да бидат основа за програмата за млади.

Препорака 5

Редовни координативни средби на службениците за млади од Пелагонискиот регион за вмрежување и споделување локални практики, со фасилитација на младински организации во регионот. Ваквите средби да генерираат заеднички настани и активности во интерес на младите.

Препорака 6

Да се испитаат можностите за професионализација на позицијата Службеник за млади преку преименување на посебна работна позиција во рамките на постоечкиот Правилник за систематизација на работните места на општинската администрација, при што оваа позиција може да биде лице од Одделението за јавни дејности или локален економски развој, кое поседува стручни компетенции согласно категорија В, ниво В1 (советник) или В2 (виш соработник), според Законот за административни службеници.

Препорака 7

Да се предвиди континуирано јакнење на капацитетите на локалните младински совети за поддршка на локалните процеси од страна на локалните граѓански организации и општинската администрација преку менторство и обука. Да се дефинира воведен период на обука за секој нов ЛМС преку посебна програма со поддршка на граѓанскиот сектор, како и со задолжително пренесување на искуство од страна на претходниот состав(и). Во овој контекст да се оптимизираат чекорите за формирање на ЛМС во согласност со локалниот контекст и врз основа на претходните научени лекции.

Препорака 8

Најмалку еднаш годишно да се организираат регионални младински средби помеѓу локалните младински совети, општините и граѓанските организации со цел споделување на добри практики и регионални иницијативи. Секоја година да има ротирачки домаќини од страна на 9-те општини во регионот.

Препорака 9

Да се организираат регионални настани за вмрежување на младинските центри од Пелагониискиот регион, вклучувајќи и младински групи од општините во кои младински центри сè уште не се воспоставени. Општините кои немаат младински центар да преземат чекори за нивно воспоставување согласно со актуелните добри практики во поголемите (Битола) и помалите општини (Кривогаштани).

Препорака 10

Да се подготви и усвои план за комуникација со млади преку кои ќе се дефинира систематска комуникација на општините со младите луѓе, со современи алатки кои ќе визуелизираат информации на разбирлив јазик за младите. Планот да содржи редовно документирање на добри практики и успешни приказни на млади кои ќе се дисеминираат во локалниот и регионалниот медиумски простор.

8. КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

- Попис на населението, домаќинствата и становите во Република Северна Македонија, 2021, Завод за статистика на РСМ, достапен на: https://www.stat.gov.mk/publikacii/2022/POPIS_DZS_web_MK.pdf
- Закон за младинско учество и младински политики („Службен весник на РСМ“, бр. 10/2020)
- Стратегија за млади – Битола, достапна на: https://www.bitola.gov.mk/wp-content/uploads/2024/11/%D0%9B%D0%BE%D0%BA%D0%B0%D0%BB%D0%BD%D0%B0-%D1%81%D1%82%D1%80%D0%B0%D1%82%D0%B5%D0%B3%D0%B8%D1%98%D0%B0-%D0%B7%D0%B0-%D0%BC%D0%BB%D0%B0%D0%B4%D0%B8-%D0%BD%D0%B0-%D0%9E%D0%BF%D1%88%D1%82%D0%B8%D0%BD%D0%B0-%D0%91%D0%B8%D1%82%D0%BE%D0%BB%D0%B0.pdf
- Стратегија за млади – Кривогаштани, достапна на: https://krivogastani.gov.mk/wp-content/uploads/2024/03/%D0%A1%D1%82%D1%80%D0%B0%D1%82%D0%B5%D0%B3%D0%B8%D1%98%D0%B0-%D0%B7%D0%B0-%D0%BC%D0%BB%D0%B0%D0%B4%D0%B8-%D0%9A%D1%80%D0%B8%D0%B2%D0%BE%D0%B3%D0%B0%D1%88%D1%82%D0%B0%D0%BD%D0%B8.pdf
- Стратегија за млади – Новаци, достапна на: https://opstinanovaci.gov.mk/wp-content/uploads/2023/07/Lokalna-strategija-za-mladi-Novaci.pdf
- Стратегија за млади – Ресен, достапна на: (Да се додаде Извор)
- Закон за локална самоуправа („Службен весник на РМ“, бр. 05/2002)
- Закон за буџетите, редакциски пречистен текст, достапен на https://finance.gov.mk/wp-content/uploads/2022/02/Закон-за-буџетите-Пречистен-текст.pdf
- Закон за финансирање на единиците на локална самоуправа, редакциски пречистен текст, достапен на https://finance.gov.mk/wp-

content/uploads/2023/02/%D0%97%D0%B0%D0%BA%D0%BE%D0%BD-%D0%B7%D0%B0-%D1%84%D0%B8%D0%BD%D0%B0%D0%BD%D1%81%D0%B8%D1%80%D0%B0%D1%9A%D0%B5-%D0%BD%D0%B0-%D0%95%D0%9B%D0%A1-%D1%80%D0%B5%D0%B4%D0%B0%D0%BA%D1%86%D0%B8%D1%81%D0%BA%D0%B8-%D0%BF%D1%80%D0%B5%D1%87%D0%B8%D1%81%D1%82%D0%B5%D0%BD-%D0%B7%D0%B0%D0%BA%D0%BB%D1%83%D1%87%D0%BD%D0%BE-%D1%81%D0%BE-173_22.pdf

- Национална стратегија за млади 2023 – 2027, достапна на https://api.ams.gov.mk/wp-content/uploads/2023/10/nsm23-27-sluzhben-vesnik.pdf
- Национална стратегија за вработување 2021 – 2027, достапна на https://www.mtsp.gov.mk/content/pdf/2021/trud/NSV%202021-2027%20i%20NPV2021-2023.pdf
- Стратегијата за промовирање и развој на волонтерството 2021 – 2025 година, достапна на https://www.mtsp.gov.mk/content/pdf/2021/trud/Volonterstvo_2021_2025.pdf
- Јавен повик за избор на младинска организација која ќе раководи со Младинскиот центар во Новаци, објавен на 07 мај 2025 година на веб страната на Општина Новаци: https://opstinanovaci.gov.mk/notices/%d1%98%d0%b0%d0%b2%d0%b5%d0%bd-%d0%bf%d0%be%d0%b2%d0%b8%d0%ba-%d0%b7%d0%b0-%d0%b8%d0%b7%d0%b1%d0%be%d1%80-%d0%bd%d0%b0-%d0%bc%d0%bb%d0%b0%d0%b4%d0%b8%d0%bd%d1%81%d0%ba%d0%b0-%d0%be%d1%80%d0%b3%d0%b0/